


**VERTALING MACEDONISCH**

**Советодавен центар за ученици - Centrum voor Leerlingenbegeleiding (CLB) – во 7 прашања**

**1. Што е CLB?** CLB е центар за советување ученици. Секое училиште во Фландрија работи со ваков центар. Во секој центар работи тим на доктори, сестри, социјални работници, психолози и педагози. Заедно со училиштето, тимот се грижи Вашето дете да ги развие своето знаење, таленти и можности колку што е можно повеќе.

**2. Дали и јас би можел/а да станам дел од CLB?** Се разбира. Родителите и професорите, како и учениците или тинејџерите можат да отидат директно во центрите за да добијат информации, помош или совет. Некои центри работат со службеници од различни култури коишто им го олеснуваат пристапот на луѓе од други култури.

**3. Со какви проблеми би можел/а да му пристапам на CLB?**

- ако Вашето дете има тешкотии со читање, пишување или учење;
- ако имате прашања за изборот на предмети, опции за студирање, сертификати и дипломи;
- ако Вашето дете не се чувствува убаво на училиште: стрес, страв од неуспех, заплашување, насилничко однесување, бегање од часови;
- ако Вашето дете има здравствени проблеми: вакцинација, проблеми со раст, употреба на наркотични средства, дебелина итн.

**4. Како работи CLB?** Ако имате прашања или проблеми, најдобро е прво да разговарате со некого во училиштето. Најчесто можат да Ви помогнат наставникот, „zorgleraar“ (наставникот за ремедијација) или директорот/директорката. Но, понекогаш е потребно да се посети CLB. Советникот во CLB ги разгледува Вашите прашања и заедно со Вас бара решение. Понекогаш, Вашето дете ќе биде дополнително тестирано во центарот. Или пак може да се работи за посериозен проблем за кој е потребна поstручна помош. Поради ова, CLB тесно соработува со различни служби и експерти: центри за помош при проблеми со учењето, служби за ментално здравје, центри за рехабилитација итн.

**5. Дали моето дете треба да оди на лекарскиот преглед на CLB?** Да, секое дете во Фландрија мора да помине низ лекарски преглед во втората година од градинка, во петтата година од основното образование и во третата година од средното образование. Ова е задолжително.
Докторите во центрите ги проверуваат очите и ушите, а ја мерат и висината и тежината на децата. Исто така, тие ги прегледуваат забите и држењето на телото кај децата и донесуваат одлука дали детето се развива нормално. На овој начин, докторот лесно може да забележи некоја болест во раните фази на развој и да спречи влошување на состојбата. Ако училишниот доктор забележи или се посомнева дека постои проблем, Ви советува, на пример, да одите на поспецијализирани испитувања кај специјалист. Исто така, докторот го следи вакцинирањето на вашето дете.
Ако не сакате доктор во центарот да го прегледува Вашето дете, лекарскиот преглед може да го изврши матичниот лекар. Притоа, матичниот лекар ги врши истите тестови и ги испраќа резултатите до докторот во центарот.

**6. Дали треба да платам за услугите на центарот?** Не, поддршката и советувањето за Вашето дете кои ги овозможува центарот се бесплатни.

**7. Каде да најдам таков центар?**
- Информациите за контакт на советникот од CLB сигурно можат да се најдат во брошурата за училиштето.
- Службеници на CLB имаат работно време и во училиштето.
- Одете во Вашиот CLB. Центарот е отворен секој училишен ден. Службениците на центарот се достапни одредени денови во текот на училишните распусти.